РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони
Drejtoria për zona zhvillimore teknologjike industriale

Бр./Nr. 02-1622/3
27.12.2024 год./viti

Управниот Одбор согласно член 20 од Законот за технолошки индустриски развојни зони ("Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.13/23) и член 18 од Статутот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Деловникот за работа на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на својата сто седумдесет и трета редовна седница одржана на ден 27.12.2024 година донесе

# О Д Л У К А

1. Се одлучи надоместокот за услугата снабдување со природен гас на потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2 да изнесува 0,070 денари за KWh природен гас.
2. Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува за сите испорачани количества природен гас од 01.01.2025 година.

## *Образложение*

Дирекцијата за ТИРЗ врз основа на предвидените количини на природен гас за потрошувачите кои се корисници на дистрибутивниот систем и планираните оперативните трошоци за вршење на дејноста снабдување на природен гас на потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2, одлучи надоместокот за услугата снабдување со природен гас да изнесува 0,070 денари за KWh природен гас. Со предвидениот надомест да се овозможи покривање на трошоците за склучување на договори за набавка на гас, склучување на договори со потрошувачите на гас, отчитување, евидентирање и фактурирање на испорачаните количини природен гас, а воедно да стимулира и овозможи задржување на конкурентноста и привлекување на нови корисници на системот за дистрибуција на природен гас ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2.

Врз основа на горенаведеното Управниот одбор одлучи како во диспозитивот.

Претседател на Управен Одбор
Џелил Ахмед

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони Скопје
Drejtoria për zona zhvillimore teknologjike industriale Shkup